СОВЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА                                        Надир Реџепи, Македонија
Форум за Малцински Прашања
Втора сесија                                        Агенда точка бр. 7
Женева, 12-13 ноември 2009

Декадата за Инсклузија на Ромите од февруари 2010 влегува во својата втора половина на имплементација. Во речиси пет години на неформано координирање меѓу државите, сеуште постои потреба за акумулирање на институционално знаење и системски пристап во адресирањето на ромските потреби. Политичката партиципација на Ромите не е вклучена во 4-те приоритети на Декадата затоа што многу влади и донаторски агенции сеуште веруваат дека проблемите на Ромите воглавно се во областа на човекови права и социјална исклученост. Декадата на Ромите е процес кој содржи елементи на политичка посветеност, градење на политики со финансиски импликации, но кога доаѓа редот на оперативно ниво не постојат правно обврзувачки инструменти и механизми за реализација. По 5 години на слаба реализација сведоци сме дека политиките без ефикасна политичка партиципација на Ромите не го донесоа планираниот и очекуван напредок.

Во април оваа година, нашата организација ја провери институционалната поставеност во 6 земји членки на Декадата, Хрватска, Србија, Македонија, Унгарија, Словачка и Чешка. Иако секоја држава има различита позиција и контекст во однос на ЕУ, наидовме не многу слични пристапи во адресирањето на ромските политики преку институциите. Секоја земја има национален координатор со висока позиција во владата, воглавно заменик премиер или министер. Оваа позиција дава политичка тежина меѓутоа ограничени активности на дневен план затоа што овие позиции треба да се занимаваат со многу главни приоритиети на мнозинството. Сите останати структури кои работат со ромските политики од централно до локално ниво имаат главно консултативна и оперативна улога, без механизми за донесување одлуки и финансиски инструменти. Дури и во случајот како во Македонија каде што Националниот координатор е Ром, повторно констатираме дека една министерска позиција без соодветна структура и легални механизми, не може да ја промени комплексната ситуација на исклученоста на Ромите. Ромите беа успешни во избирањето на ромски пратеници во парламентите на земјите-членки на Декадата, истакнувајќи дека Унгарија по втор пат избира Ром во Европскиот параламент, сакам уште еднаш да укажам на нашето разочарување од влијанието и придонесот кон севкупниот напредок на ромските политики, со целосно разбирање за сите пречки и предизвици со кои се соочуваат нашите пратеници како малцински политичари. Исто така сме сведоци дека дури и во земји, како Хрватска на пример, каде што има доволно фондови алоцирано за ромските политики, позитивните промени кај обичниот ромски граѓанин не се случуваат едноставно поради тоа што има недостаток на соодветно комплементарни структури во системот. На општинско ниво политичкото претставување е дури послабо споредено со централното, иако има мнгу позитивни напори за обезбедување резервирани места или принципот за двојно мнозинство при усвојување на одлуки кои се однесуваат на малцинствата. Нашите аргументи ги преточуваме во следните

препораки со цел да се обезбеди ефикасна политичка партиципација на Ромите; ги повикуваме сите земји-членки на Декадата на Ромите да

- Креираат правно обврзувачки механизми и мерки за ефикасно политичко учество на малцинствата
- Развиваат афирмативни политики во зајакнување на малцинствата во процесот на донесување на одлуки
- Унаредуваат институционалните капацитети на малцинствата на ниво потребно за имање разноврсна улога во системот
- Да имаат јасни задачи и одговорности
- И конечно да се создаде структура да послужи на општите и посебни задачи